**20231562793**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 43 став (2) точка 10. од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 јули 2023 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРАВОТО НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ И ДРУГИ ЛИЦА ДА БИДАТ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА ЗА СТУДИРАЊЕ

Член 1

Во Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 61/22), во членовите 3 и 4 став 1 по зборот „прв“ запирката и зборовите „втор и трет“ се бришат.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3049/11
18 јули 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.